**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXVII СОБРАНИЕ**
**Бр.0201-26/2-3**
**30.5.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членовите 487 и 490 од Законот за трговските друштва и членот 108 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXVII седница, одржана на 30.5.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за плаќање на дивиденда по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година (Дивиденден календар)

### Член 1

На акционерите на „Макпетрол“ А.Д. - Скопје се одобрува плаќање на дивиденда во висина од **333.775.200** денари бруто, односно **3.300** денари бруто за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во пари.

### Член 2

За **датум на пресек** на акционерската книга според која се определува листа на акционери кои имаат право на исплата на дивиденда се утврдува **20.6.2023 година**.

### Член 3

За **последен ден** на тргување со право на дивиденда се утврдува **16.6.2023 година**.

### Член 4

За **прв ден** на тргување без право на дивиденда се утврдува **19.6.2023 година**.

### Член 5

**Исплата** на дивидендата ќе се изврши до **30.9.2023 година**.

### Член 6

Оваа одлука влегува во сила веднаш.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Ерол Хасан**

Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати "МАКПЕТРОЛ" СКОПЈЕ 10